# Годишен извештај 2023

WWW.GRANIT.COM.MK



ГРАНИТ

# Содржина

**3-5**
Обраќање до акционерите

**6-7**
За нас и структура на Друштвото

**8-14**
Управување и донесување на одлуки

**15-18**
Макроекономски околности кои ја обележаа 2023 и делување на Гранит во истата

**19-28**
Финансиски резултати и политики во деловно работење

**29-31**
Цели за 2024 и општестевна одговорност

# ОБРАЌАЊЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ

Продолжуваме со континуиран прогрес!

2023 година, годината на надежи, година на враќање на работите во нормалниот тек, ги исполни во одредена мера очекувањата за стабилизација на пазарот, но инфлацијата и високите каматни стапки останаа пропратени предизвици кои ги диктираа инвестициите. Свесни за ризиците и одржување на стабилна финансиска ликвидност управувањето се организираше и спроведуваше приспособувајќи се на пазарните околности.

Одлуките на управување кои ги донесовме во минатото се покажаа како алатка за обезбедување континуиран развој, позитивни финансиски резултати и надминување на предизвиците наметнати од надворешните фактори особено на постоечката инфлација во глобални рамки и потешкотиите за правилно вреднување на работите. Оттука, ангажманот на менаџерскиот и раководниот тим и понатаму ќе се заснова на принципите на грижа и внимание при изборот на соодветни мерки и активности за тековното управување и работење, со особена посветеност на менаџментот и бескомпромисната заложба за изнаоѓање на решение да секогаш на правото место и време се најдат правите луѓе, материјали и механизација кон цел за извршување навремено на обврските, со најдобар квалитет.

Предизвикот на особен одлив на работна сила и ограничени ресурси во овој сектор беше причина да се напушти комфорот на ангажирање на домашна работна сила и осврнување кон алтернативни начини за увоз на работна сила. При тоа горди сме што може да ја поддржиме различноста на култури, нации да се изградуваат во професионалци во нашето Друштво, каде заштитата на работните места, правилното вреднувањето на трудот и личноста на работникот се столбот кој го одржува и издвојува Друштвото на пазарот како еден од најголемите работодавачи во градежништвото.

Во 2023 година претежно работевме на веќе склучените договори од причина што во нискоградбата најавените инвестиции се склучија по пат на директни преговори на државата со странски инвеститори, каде натпреварот на конкурентност ќе се одвива во рамките на веќе тие склучени Договор чија реализација е најавена оваа година. Оттука, се очекува 2024 година да биде година на остварување на овие инвестиции, како и други во кои Друштвото ќе настапува на конкуренти огласи со цел зголемување на својата референтна листа во различни специјалности во градежништвото. Во таквата деловна клима во 2023 година, останавме фокусирани на рационализација и зголемување на ефективноста во работењето.

# Визија за 2024

Со ваквото делување целиме и во 2024 година да го задржиме синонимот на успех и градежен водич во нискоградбата, со особено искуство во сложени градежни потфати. Во 2024 со очекувањата за понатамошно намалување на инфлацијата и каматни стапки дополнително, ќе се насочиме и кон инвестициите во високоградба каде ќе излеземе во пресрет на барањата и очекувањата на нашите клиенти за поврат на пазарот на високоградбата особено во делот на станбено деловни објекти. Барањата се поткрепени од очекувањата за изградба на објекти со особен квалитет, енергетско ефикасни, по највисоки стандарди за домување и еко материјали, со што ќе бидеме пример и ќе излеземе во потврда на очекувањата да клиентите имаат сигурна инвестиција со соодветно вреднување на истата изразена во особен квалитет. Ќе инвестираме кон натамошна модернизација, дигитализација на работата, вложување во унапредување на работната сила, основни средства како и подобрување на работата во секторот на ESG со што ќе го оправдаме нашето обележје на единствена градежна компанија која котира на Македонската берза, со што ќе ја одржуваме довербата на акционерите исполнувајќи ги значајните критериуми, барања и стандарди како котирачко друштво.

При остварувањето на целите за 2024 година, особено ќе се грижиме и ќе развиваме одржлив еко развој во извршувањето на градежните работи, обезбедување на сигурно и безбедно работно место за секој работник, а имајќи ја во предвид иднината и нашите наследници ќе продолжиме да работиме на одржување и подобрување на практиките за здрава животна средина, со посветеност на прописите и препораките за нејзино одржување на градилиштата.

Во секој случај, имајќи ги предвид моменталните случувања и означување на 2024 година како година на политички превирања и промени, оваа година исто така не очекуваат големи предизвици во остварувањето на нашите цели. Во таа насока идентификувани се неколку клучни сегменти кои ќе треба да се реорганизираат заради нивен развој и раст, политичките делувања неминовно ќе делуваат на најавените инвестиции кои се извор на работа на Друштвото, но водејќи се од нашиот ентузијазам, сопствените инвестиции, како и посветеноста на работата како двигател за подобри резултати, веруваме дека Друштвото ќе се приспособи на сите околности и ќе постигне успех и во 2024 година.



Во име на сите членови на Управниот одбор, би сакал да се заблагодараме на сите клучни учесници кои придонесоа за нашиот успех во работење и тоа над 1000 вработени, нашите инвеститори и партнери.

Годишниот извештај го претставува годишното работење на Друштвото од страна на менаџментот, кој е заснован на барањата на Законот за трговски друштва, а претставува проценка на информациите на искажаните позиции и резултати во финансиските извештаи.

Страшо Милковски

"

## НАШАТА МИСИЈА НЕ Е САМО ДА ГРАДИМЕ ОБЈЕКТИ, ТУКУ И ДА ОСТАВАМЕ ВРЕДНОСТИ КОИ ГРАДАТ ТРАЈНИ ВРСКИ СО НАШИТЕ ИНВЕСТИТОРИ

WWW.GRANIT.COM.MK




# Кои сме ние

ГД Гранит АД Скопје е најголемата градежна компанија во Р. Северна Македонија со долги традиции и искуство во градежната дејност. Повеќе од 70 години Гранит е синоним за квалитет и одговорност во Р.Северна Македонија, кој својата слика ја гради како на домашен така и на странски пазар.

Основна дејност на ГД Гранит АД Скопје се градежни активности во ниско, високо и хидро градба. Покрај својата основна дејност ГД Гранит АД Скопје има основано Друштва во целосна сопственост на Друштвото на територија на Р. Северна Македонија и на странските пазари кои се бават со трговија на градежна механизација и градежни материјали и други услуги.

Претежната дејност на ГД Гранит АД Скопје е нискоградба.

Квалитетот што го нуди ГД Гранит АД Скопје е традиција и директен резултат на успешно лидерство и бескомпромисно почитување на нашите вредности – безбедност, квалитет, етика, интегритет и долгорочна одржливост и развој. Оттаму, ГД Гранит АД Скопје постојано се стреми кон воспоставување на одржлив систем на вредности, иновација и подобрување на квалитетот на живот, бидејќи угледот на нашата компанија зависи од вредноста што истата ја има во очите на оние за кои градиме.

Акциите на ГД Гранит АД Скопје, котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 22.01.2003 година.

# Организациска поставеност

Системот на корпоративното управување се базира на законските прописи и Статутот на ГД Гранит АД Скопје и како таков обезбедува ефикасно и транспарентно управување на Компанијата преку воспоставен двостепен систем на управување – Надзорен Одбор и Управен Одбор.

Собранието на акционери, како највисоко тело одлучува за прашања регулирани со закон и доверени со Статутот на ГД Гранит АД Скопје.

Внатрешната организациона поставеност на Друштвото е врз основа на поделба на работите по организациони единици, работни единици, служби и сектори кои делуваат во рамките на Друштвото, додека дел од останатите дејности кои не спаѓаат во неговата претежна дејност, ги врши преку друштва формирани во целосна сопственост на ГД Гранит АД Скопје.



# Корпоративно управување

Деловната политика на управување и спроведување на одлуки се базира на примена на најдобрите практиките на добро Корпоративно управување, а во согласност со законите во Р. Северна Македонија. Донесувањето на одлуките и управувањето, основата ја црпат преку анализа на моменталните економски пазарни индикатори, можности и расположливи ресурси, како и анализа на светските ценовно чувствителни информации од значење на работењето на друштвото со соодветно планирање на активностите, одлучување и следење на спроведување на одлуките, во согласност со овластувањата обезбедени од законот и Статутот на Друштвото во кои се содржани највисоките норми на етичко работење.



# СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Собранието како највисок орган на Друштвото ги носи клучните одлуки за Друштвото и самите акционери. Надзорниот одбор е носител на контролата на финансиското работење и управување на Друштвото од страна на Управниот одбор. Управен одбор во рамките на своите овластувања, права и обврски ги носи и спроведува своите одлуки и го следи менаџирањето на работниот процес и неговата усогласеност со законските, корпоративните одредби и етички нормативи.

Годишното собрание на акционери во 2023 година беше одржано на 30.05.2023 година на кое согласно статутот на Друштвото се одлучуваше за прашањата од негова надлежност. Организацијата, спроведување и одлучувањето на Годишното собрание во целост беше усогласено со законските барања и Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска берза што резултираше со донесени 11 одлуки официјално објавени согласно законската регулатива. Во согласност со Законот за трговските друштва, на секој акционер запишан во акционерската книга од денот на уписот му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас.



# Надзорен одбор

Надзорниот одбор е составен од две жени и еден маж кои се исклучителни професионалци секој од својата област.

Претседателот на Надзорниот одбор г-ѓа Ивана Милковска Симева е дипломиран архитект, а останатите членови г-дин Горан Марковски е дипломиран економист и г-ѓа Виолета Божиноска дипломиран правник, со што се покриени сите области битни за правилно функционирање, контрола и согледување на работењето на Друштвото од секој аспект. Преку службата за внатрешна ревизија се вршеа тековните контроли за што Службата доставуваше навремено извештаи до Надзорниот одбор, а со оглед и на ангажираноста и професионалните познавања на членовите на Надзорниот одбор, потребата за формирање на дополнителни посебни Комисии за работа не беше установена.

Корпоративен Секретар на Надзорниот одбор е Марина Атанасова, магистер по правни науки која членува во повеќе работни групи на коморите во кои членува Друштвото, каде учествува и дава придонес во утврдувањето на нови законски решенија од областа на укажувачите и корпоративното работење, заштита на личните податоци и притоа се грижи за соодветна примена и внатрешно усогласување кон истите од страна на Друштвото во соработка со Корпоративниот Секретар на Управниот одбор.

Надзорниот Одбор во текот на 2023 година континуирано ја следеше и контролираше работата на Друштвото и неговата финансиска состојба, управување и резултати.

Во периодот од јануари до декември 2023 година, одржа вкупно 6 редовни седници. Особен акцент беше ставено на финансиското работење на Друштвото и тоа разгледување на неревидираните и ревидираните единечни и консолидирани финансиски извештаи за претходната година, секое тримесечие се одржуваше посебна седница за следење на движењето на резултатите од работењето врз основа на Извештајот доставен од Управниот одбор и релевантите финансиски показатели. За тие потреби членот на Управен одбор Катерина Ѓердовска редовно присуствуваше на седниците на Надзорниот одбор. На овој начин се остваруваше и соработката на овие два највисоки органа на управување на Друштвото, при што од Надзорниот одбор согласно резултатите управувањето беше прифатено како позитивно имајќи ги во предвид и резултатите од работењето.

Седниците беа навремено свикани од страна на Претседателот на Надзорниот Одбор и сите членови беа присутни на сите седници на кои беа усвоени вкупно 25 Одлуки, а дополнително беа усвоени 3 Одлуки без одржување на седница за прашања од надлежност на Надзорниот Одбор. Во 2023 година Надзорниот одбор донесе и план за сукцесија кој е прилог на овој Извештај.

Службата за внатрешна ревизија навремено ги изготвуваше своите полугодишни и годишни извештаи и планови за работа, согласно законот за трговските друштва, кои беа усвоени од Надзорниот одбор.

Службата за внатрешна ревизија му помага на Друштвото во остварувањето на своите права и обврски во рамките на законските одредби и најдобрите корпоративни практики.

Директорот на Службата за внатрешна ревизија одржуваше редовни контакти и известувања до Надзорниот одбор за текот, наодот и препораките кои ги има издадено во рамките на вршењето на својата законска дејност и поставеност во Друштвото.



## Служба за внатрешна ревизија

# Управен одбор

Управниот одбор е составен од 5 (пет) членови кој е спој на искуството и енергичноста на младата движечка сила, со различни професии и тоа Претседателот на Управниот одбор г-дин Страшо Милковски со долгогодишно искуство како дипломиран инженер архитект, г-дин Зоран Милковски магистер по природни науки, математика и компјутерски науки, г-ѓа Катерина Ѓердовска дипломиран економист, -г-дин Андреа Серафимовски дипл.градежен инженер и надворешниот член г-дин Венко Зафиров дип. електро-инженер.

Членот на Управен одбор г-дин Зоран Милковски е член на Надзорен одбор во друштвото Евроинс Осигурување АД Скопје и член на Управен одбор во Стопанската комора на Р. Северна Македонија.

Секретарот на Управниот одбор е Марија Шеќероска, дипломиран правник која активно учествува во повеќе работни групи преку Стопанската комора на Р. Северна Македонија, Асоцијацијата на корпоративни правници и Организацијата на работодавци, од областа на трговските друштва, корпоративното работење, законот за облигации и извршување, законот за работните односи каде дава особен придонес кон донесување на нови законски решенија кои се применливи за Друштвото и во насока на подобрување на истите. За истото редовно го известува Управниот одбор со цел навремено усогласување на внатрешните акти и работењето на друштвото согласно законската регулатива.

Во 2023 година се одржа 8 редовни седници на која се усвоија одлуки и заклучоци согласно расправата на седниците, а за дел од работите од тековното работење со цел обезбедување на ефективно управување беа донесени и одлуки без одржување на седница. Друштвото одлучуваше за одлуките за разгледување и одобрување на годишните сметки на Друштвото, поединечни и консолидирани, како и годишните сметки на Друштвата формирани од страна на ГД Гранит АД Скопје, до тековните работи за организација, планирање и насочување на постапките и начинот на извршување на преземените градежни работи во услови и правилно насочување на ресурсите на друштвото и нивно рационално користење.

Со цел подобрување на системот на работење помеѓу секторите, организационите и работни единици Управниот одбор донесе постапка за склучување на договори преку која се обезбеди систем на точно уредување на правата и обврските на вработените, каде ќе може да се примени системот на контрола, одговорност и примена на етички принципи при постапувањето на вработените при склучување на договори за потребите на Друштвото. Управниот одбор одлучуваше исто така за повеќе донации и спонзорства во насока на унапредување на општествената одговорност на Друштвото.

Претседателот на Надзорниот одбор Ивана Милковска-Симева присуствуваше на сите седници на Управниот одбор.

# КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Членовите на Управниот одбор секој овластен во својата област и струка, одржува состаноци и се остваруваа писмени кореспонденции со засегнатите страни како клиенти, добавувачи, инвеститори, вработени со што членовите на Управниот одбор директно следеа и известува за состојбата на преземените обврски и права на Друштвото. Членот на Управен одбор Зоран Милковски и Генерален Директор на Друштвото, е исто така и член на Управниот одбор на Стопанската комора на Р. Северна Македонија каде директно учествува и е вклучен во генералните насоки и одлучувања кои ги презентира и застапува комората со релевантните претставници на Влада, Министерства, Државни јавни претпријатија кои се јавуваат како најголем инвеститори на Друштвото. Членот на Управен одбор Андреа Серафимовски е Претседател на Здружението на градежници при Стопанската комора на Северна Република Македонија кој тековно одржува состаноци и споделува информации со останатите компании во дејноста кои се јавуваат како бизнис партнери, добавувачи и/или корисници на услуги на Друштвото кон остварувањето на заедничките цели. Преку нивното заедничко делување беше одржана и првата патна конференција која ги презентираше предизвиците на градежништвото и беше насока за идните активности кои треба да влијаат на подобрување на резултатите на оваа гранка.



Друштвото континуирано работи на обука на раководниот кадар, со цел развивање на менаџерски способности особено кај вработените жени со цел воспоставување и развивање на родовата еднаквост. Оваа насока Друштвото успешно ја спроведува во Надзорниот одбор, со натамошна цел за воспоставување на иста родова еднаквост и во Управниот одбор на Друштвото.  Состаноците на Надзорниот и Управниот одбор, ги води и следи Корпоративен Секретар за секој одбор одделно, двете жени кои по професија се дипломирани правници со цел правилно следење и применување на добрите корпоративни практики.

Во 2023 на органите на управување и надзор исплатен е бруто износ од 66.842.460 денари на име надоместоци за плата, награда и надоместок за учество во органите на управување. Во 2023 година не беа донесени зделки со заинтересирана страна, ниту големи зделки.

Согласно законот за трговски Друштва еден член од Надзорниот одбор е неизвршен член, г-дин Горан Марковски кој е вработен во КБ Публикум Инвест АД Скопје, каде од својот работен однос остварува надоместоци во бруто износ од 4.839.899 денари.  Членот на Управен Одбор –Венко Зафиров, е вработен во фирмата Конер Компјутери ДОО Скопје каде од својот работен однос остварува надоместоци во бруто износ од 802 262 денари.

# Кодекс за корпоративно управување

Изјава во согласност со член 348-а од Законот за трговските Друштва

Членовите на Управниот одбор на ГД Гранит АД Скопје согласно член 348-а од Законот за трговски Друштва ја дава следнава изјава со која потврдува дека:

- Во работењето на ГД Гранит АД Скопје се применува Кодекс за корпоративно управување заведен под бр.12-9534/1 од 09.11.2021 година, II издание објавен на интернет страницата на Друштвото granit@granit.com.mk;
- Друштвото го применува и Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва на Македонската берза, кое друшвото го применува по принципот на примени или појасни зашто не си применил преку прашалници чија форма и содржина е задолжителна и истите се објавени соодветно на барањата на Кодексот;
- Овие два кодекси Друштвото ги применува во рамките на своето организациско управување и уредување, со интенција на целосна имплементација и развивање, особено на ESG принципите со донесувањето на новата законска регулатива и усогласување на Друштвото со истата, кога тие обврски ќе бидат дефинирани во законска рамка, како и известувањата за наградување во рамките на достапните информации кои не се квалификувани како деловна тајна.

Претседател на Управен Одбор
Страшо Милковски

Членови на Управен Одбор
Зоран Милковски

Андреа Серафимовски

Катерина Ѓердовска

Венко Зафиров

ГД Гранит АД Скопје како котирано друштво на Македонската берза во рамките на своето работење, има донесено свој Кодекс за корпоративно управување. ГД Гранит АД Скопје соодветно одговори на Прашалникот и обезбеди информација за своето корпоративно управување почитувајќи ги начелата за транспарентност во работењето.

Во 2023 година Друштвото целеше кон подобрување на процесите и постапките за работа преку примена на Кодексот како и внатрешните интерни акти на етички кодекс, постапки и правилници кои почиваат на правилата за транспарентно, правилно и законско спроведување на процесите во работењето. Во 2022 се донесе и сеуште е во сила Планот за сукцесија (прилог на Годишниот извештај) кој треба да обезбеди континуитет и квалитет во функционирањето на надзорниот одбор.

Кодексот како и останатите битни правила на управување и донесување на одлуки се јавно достапени физички во управната зграда и седиштето на Друштвото на ул.Димитрие Чуповски бр.8, како и на интернет страната на Друштвото за увид на сите заинтересирани инвеститори и акционери.

Друштвото продолжи со својата и досегашна пракса на примена на добрите практики на деловното работење при што сите одлуки кои се однесуваат на ценовно значајни информации и битни за работењето на Друштвото беа соодветно објавени на веб страната на Друштвото и доставени до Македонска берза.

Друштвото на овој начин ги има идентификувано правилните вредности и чекори кон обезбедување на едно корпоративно управување кое ќе придонесе за добри корпоративни практики и позитивно работење на Друштвото. Во 2022 година Управниот одбор ја усвои Политиката за односи со засегнати страни преку која се утврдија основните механизми за нивно идентификување и основните начела за соработка со истите. Спроведувањето на ова Политика друштвото ја остваруваше преку делувањето во заедничките состаноци, објавувањето на Информации, кварталните контроли на работата на Организационите едници, Работни единици и Сектори и за таквите активности преку извештаите Управниот одбор известуваше до Надзорниот одбор за преземените активности.

**Објава на материјали и податоци за Годишно Собрание на Сеинет и интернет страната на Друштвото**

**Пополнети прашалници за корпоративно управување**

**Објава на ценовно чувствителни информации на Сеинет**

# ГРАНИТ И УСЛОВИТЕ НА ДЕЛУВАЊЕ ВО 2023

Инфлацијата како главна карактеристика на минатата година која делуваше на економскиот раст и развој не го изостави своето доминантно влијание и во 2023 година. Иако на глобално ниво истата почна да забавува, сепак во 2023 повторно се одржа на повисоко ниво од планираното. Во нашата држава покрај високата инфлација економијата се соочи и со предизвикот на остварување на економски раст кој во услови на таква стапка на инфлација и услови на забавен раст на земјите кои беа главни помагатели на нашата економија покажаа забавување и рецесија.

Согласно податоците од Државниот завод за статистика стапката на инфлација следена по индексот на трошоци за 2023/2022 е во пораст од 9,4%. Со тоа монетарната политика беше под силна контрола и строги мерки кон цел да се забави таквиот раст.

Согласно волуменските индекси на производствениот метод Бруто домашниот производ во градежништвото првиот квартал беше ветувачки со зголемувањето од 18,9%, додека драстичен пад се почуствува во вториот квартал од годината каде изнесуваше -14,8%, третиот квартал заврши со поразителен пад во минус од 13%. Бројот на вработени во секторот за градежништво и оваа година остана под 50.000.

Падот се регистрираше и преку вредноста на извршените градежни работи кој изнесуваат 19,4 милијарди денари согласно податоците од ДЗС. Извршени работи во Високоградба изнесува 7,9 милијарди денари, а за нискоградбата 11,4 милијарди денари. Споредбено со 2022 година, во 2023 година има пад од 2% во вредноста на извршени градежни работи. Одделно, во вискоградба во 2023 година е констатиран пад од 11% споредбено со 2022 година, додека во делот нискоградба забележано е зголемување на извршените градежни работи за 5,2%.

Најголемиот инвестициски проект беше доделен со непосредна спогодба на Владата на Р. Северна Македонија со странски инвеститор, а останатите инвестиции кои се најавуваа подолго време нивната постапка се одложуваше или тендерите се поништува, што го насочија Друштвото во 2023 да работи исклучиво на веќе склучените договори. Во една такво делување ГД Гранит АД Скопје беше насочени кон целосно искористување на ресурсите со активно реализирање на тековните обврски во договорените рокови, а притоа минимизирање на трошоците.

Во таа смисла Друштвото започна со анализи и планови за реализација на сопствени инвестиции во областа на високоградбата во 2024. Во овие околности на стопанисување менаџментот на ГД Гранит АД Скопје во 2023 година, водеше деловна политика насочена кон постигнување разумен баланс помеѓу деловната активност на Друштвото и макроекономските услови за работа на пазарот во Р. Северна Македонија кои беа обележани со брз раст на цените. Позитивните резултати за 2023 година говорат за успешноста при спроведувањето на овие активности и менаџирањето на управувачкиот тим на Друштвото.




Извор: Државен завод за статистика и проекција на НБРСМ.

| годишни стапки, во % | | | | | проекција окт.2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| 1,5 | 0,8 | 1,2 | 3,2 | 14,2 | 9,5 | 3,5-4,0 |

# Нашите проекти

Работењето во 2023 година го обележа работењето на тековните проекти од кои како позначни ги издвојуваме




## Автопат А4 Блаце

Во 2023 година, активно се вршеа градежни активности на овој Проект, а со градежните активности за докомплетирањето на Проектот ќе се обезбеди едно современо инфраструктурно поврзување на Република Северна Македонија со Косово кој треба да обезбеди лесен и ефикасен проток на возила со што ќе се развие едноставен пристап за полесен развој на меѓународните размени.



## Автопат Кичево Охрид

Во 2023 година, изведбата на автопатот Кичево Охрид Секција 1 и Секција 2 бележи завршување на сите вијадукти од двете подделници и поголем дел од усеците. Оваа година активно се работеше на горен строј во делот на припрема за асфалт и дренажи.



## Рек. и рех. на државен пат А2, делница Крива Паланка-Деве Баир

2023 беше завршната фаза на изведбата на овој Проект, кој се предаде во Февруари 2024. Особен подвиг на овој проект беше реконструкцијата на вијадуктите кои бараа стручност, ефикасност, организација и опрема по светски сандарди да изведбата на овие работи се врши непречно и безбедно во тек на движење на сообраќајот.

# Нашите проекти




## Мост Карпош на р. Вардар

Во 2023 година се одвиваа завршните градежни активности на овој Проект кој заврши во Декември 2023 година кој претставува првиот extradosed мост изведен во нашата земја чија што конструкција е направена со комбинирано преднапрегање на главните носачи на мостот и надворешните јажиња.



## Експресен Пат А2, ЛОТ 2 – Делница Крива Паланка – Длабочица

На овој Проект активно се работеше на стабилизација на косини и подготовка за изведба на коловозна конструкција во должина од 9 км, кој претставува важен инфраструктурен проект и прва делница за изградбата на модерна и современа инфраструктурна конекција на РС Македонија со Р. Бугарија.



## Антенски систем за контрола и мониторинг на радиофрекфенции на териториjата на Република Македонија

Објектот во 2023 година влезе во својата завршна фаза чие предавање се очекува во 2024 година како особено импонзантен и сложен објект од високоградбата кој ќе биде значајно бележје на Градот Скопје заради својата поставеност на врвот на планината Водно.

# Услужни организациони единици

Примената на правилата за ефикасно работење во сите услужни организациони единици и сектори обезбеди успешно следење на потребите на оперативните организациони единици за навремено изведување на своите договорни обврски.
Во овие услови, каде покрај овие објекти, ГД Гранит АД Скопје водеше изведба и на низа патни правци низ територијата на РС Македонија, се создаде потреба од уредување на деловната политика, на начин да се обезбеди најголем степен на ефикасност и рационалност во искористувањето на расположливите ресурси и капацитети. Навременото завршување на преземените градежни активности со овие политики, беше основа за одржување на висок степен на ликвидност во услови на закрепнување на стопанството и значеше непречено извршување на законските обврски, обврските кон добавувачите и вработените.

### 6 Каменоломи

Друштвото располага со концесија за експлоатација на материјали на каменоломи од варовничко потекло (Бразда, Слоштица, Рашанец и Острец) и од еруптивно потекло (Јаворица и Зебрњак)

### Бетонски и асфалтни бази

Друштвото управува со 7 (седум) бетонски бази со капацитет од 30m3/h до 180m3/h и 5 (пет) асфалтни бази со капацитет од 40 t/h до 160 t/h

### Лабараторија

Друштвото има сопствена лабараторија која во 2024 година ќе го започне процесот на акредитација.

### Армирачки погони

Во активно производство Друштвото има 2 (два) армиачки погони и тоа Кичево и Скопје кои ги услужува потребните на Друштвото за сите Проекти низ државата.





# РЕЗУЛТАТИ

Овој Годишен извештај и финансиски податоци го покриваат работењето ГД Гранит АД Скопје за фискалната 2023 година Сите финансиски извештаи поединчени и консолидирани се во согласност со Законот за трговски друштава и меѓународни стандарди за финансиско известување

**клучни податоци**

## 01

ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ
5,264,381,386 ДЕНАРИ

ВКУПНИ РАСХОДИ
5,111,855,634 ДЕНАРИ.

## 02

БРУТО ДОБИВКА
152,525,752 ДЕНАРИ

ДОБИВКАТА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ
152,525,752 ДЕНАРИ.

# СТРУКТУРА НА ОСТВАРУВАЊА СПОРЕДБЕНО СО 2022

| | | 2022 | | 2023 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | елементи | износ | % | износ | % | индекс |
| 1 | Вкупен приход | 5,025,625,271 | 100.00 | 5,264,381,386 | 100.00 | 104.75 |
| 2 | Вкупни расходи | 4,892,737,506 | 97.36 | 5,111,855,634 | 97.10 | 104.48 |
| 3 | Бруто добивка =1-2 | 132,887,765 | 2.64 | 152,525,752 | 2.90 | 114.78 |
| 4 | Данок на добивка | 0 | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 |
| 5 | Нето добивка=4-5 | 132,887,765 | 2.64 | 152,525,752 | 2.90 | 114.78 |
| 6 | Нето останата сеопфатна добивка | 11,370,000 | 0.23 | 284,250,000 | 5.40 | 2,500.00 |
| 7 | Вкупна сеопфатна добивка= 6+7 | 144,257,765 | 2.87 | 436,775,752 | 8.30 | 302.77 |

# СТРУКТУРА НА ДОБИВКАТА ВО 2023

| | Добивка | 2022 | 2023 | индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Добивка од оперативно работење | 65,197,765 | 106,751,752 | 163.74 |
| 2 | Добивка од финансиско работење | 67,690,000 | 45,774,000 | 67.62 |
| 3 | Бруто добивка=1+2 | 132,887,765 | 152,525,752 | 114.78 |
| 4 | Данок на добивка | 0 | 0 | / |
| 5 | Нето добивка = 3-4 | 132,887,765 | 152,525,752 | 114.78 |

## ВКУПЕН ПРИХОД

Остварените вкупни приходи за периодот 01.01-31.12.2023 година се во износ од 5,264,381,386 денари, содржат оперативни приходи (приходи од продажба, приходи од сопствено производство и останати оперативни приходи ) зголемени за 5,1% во износ од 5,199,820,386 денари и финансиски приходи ( приходи од вложувања-дивиденда и приходи од камати ) намалени за 17,44 % и се во износ од 64,561,000 денари .



## ВКУПЕН РАХСОД

Остварените вкупните расходи за периодот 01.01-31.12.2023 година го следат трендот на вкупните приходи , бележат зголемување за 4,48 % и изнесуваат 5,111,855,634 денари. Истите учествуваат со 97,10 % во вкупниот приход, ги содржат материјалните трошоци,бруто платите, амортизација, останати трошоци, финансиските расходи и набавна вредност на продадени стоки намалени за трошоците содржани во објекти за пазар.

# КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

ГД „Гранит“ АД Скопје, изготвува консолидирана финансиска пресметка во која се вклучени и следните зависни друштва:

- Хотел „Гранит“ ДООЕЛ Охрид;
- „Кар Ваш“ ДООЕЛ – Скопје;
- „Гранмак Германија;
- „Гранмак Австрија;
- ГД „Гранит“ ДОО Бања Лука;
- Подружница ГД „Гранит“ Бања Лука;

Остварените показатели од консолидираната годишната пресметка на ГД „Гранит“ АД Скопје за работењето во 2023 година се следните:

| елементи | 2022 | 2023 |
|---|---|---|
| Вкупен приход | 5,026,630,943 | 5,326,260,281 |
| Вкупни расходи | 4,980,381,746 | 5,197,794,821 |
| Бруто добивка | 46,249,197 | 128,465,460 |
| Данок на добивка | 263,169 | 1,348,034 |
| Нето добивка | 45,986,028 | 127,117,426 |
| Нето останата сеопфатна добивка | 10,634,000 | 284,259,000 |
| Вкупна сеопфатна добивка | 56,620,028 | 411,376,426 |

Структурата на капитал на друштво е претставена на табелата

| акционери 31.12.2023 | број акции | % | број акционери |
|---|---|---|---|
| Домашни физички лица | 2,197,153 | 71.5364 | 3,760 |
| Домашни правни лица | 316,536 | 10.3060 | 49 |
| Странски физички лица | 47,562 | 1.5486 | 149 |
| Странски правни лица | 197,776 | 6.4393 | 6 |
| Странски лица - збирна сметка | 1,357 | 0.0442 | - |
| Неидентификувани акционери - физички лица | 9,820 | 0.3197 | - |
| Сопствени акции | 301,173 | 9.8058 | 1 |
| Вкупно | 3,071,377 | 100.00 | 3,965 |

# СТРУКТУРА НА КАПИТАЛ И ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА НА ДРУШТВОТО

Во текот на 2023 година, Друштвото нема стекнато нови сопствени акции.

Извори на средства на Друштвото се сопствениот капитал во износ од 6,121,617,068 денари или 75% од вкупните средства на Друштвото, додека останатите 25% отпаѓаат на обврските кон доверителите (21.4%) и банките (3.6%).

Не постојат средства на Друштвото чија вредност не е одразена во билансот на состојба.



# ПОЛИТИКИ ВО ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ

### ПОЛИТИКА НА ВЛОЖУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

Друштвото континуирано вложува во материјални и финансиски средства кои се поддршка за одржување и успешност во работењето на Друштвото. Имено, во 2023 година, Друштвото има вложено нови 470.401 илјади денари во опрема и механизација -во нови основни средства.

### ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА НА ДРУШТВОТО

Друштвото континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа, така да за 2023 година процент на задолженост изнесува 5% од вкупниот капитал на Друштвото. Друштвото го финансира своето работење во најголем дел од сопствени извори на средства.

### ПОЛИТИКА НА ОДНОС НА ДОЛГОРОЧЕН ДОЛГ КОН ОСНОВНА ГЛАВНИНА НА ДРУШТВОТО

Политиката на Друштвото е што помалку да се задолжува со кредити кај банки и своето работење самостојно да го финансира. Банките со кои работи Друштвото претежно се користат за обезбедување на банкарски гаранции потребни за тековното работење на Друштвото, како и финансирање на инвестиции во основни средства.

### ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДИ

Друштвото и оваа година ќе продолжи со редовната исплата на дивиденди.

### ПОЛИТИКА НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ НА ДРУШТВОТО

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките на управување со нив се следните:



# ПАЗАРНИ РИЗИЦИ

## РИЗИК ОД ПРОМЕНИ НА КУРСЕВИТЕ НА ВАЛУТИТЕ;

Друштвото влегува во трансакции со странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик, со оглед на тоа дека во Р.Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Според тоа, Друштвото е изложено на можните флуктуации на странксите валути.

Друштвото претежно е изложено на Евра и Долари.

## РИЗИК ОД ПРОМЕНИ НА ЦЕНИТЕ;

Друштвото е изложено на ризик од промени на цените на вложувањата расположливи за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото.



# ОСТАНАТИ РИЗИЦИ

**·КРЕДИТЕН РИЗИК;**

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик со оглед дека купувачите се голем број на друштва во земјата и во странство, како и државни институции (министерства, агенции и јавни претпријатија). Најголеми купувачи на Друштвото се Синохидро Подружница Скопје и ЈПДП.

**ЛИКВИДНОСЕН РИЗИК;**

Ликвидносен ризик постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски и Друштвото нема вакви проблеми во своето работење.

Сите овие политики беа контролирани и утврдени од страна на Надзорешниот ревизор Мур Стивенс ДОО Скопје за 2023 година, кои исклучиво беа ангажирани само за потребата од вршење на надворешна ревизија.









# ИСТРАЖУВАМЕ, РАЗВИВАМЕ, ПРИМЕНУВАМЕ, УСОВРШУВАМЕ

Конкуретноста е предизвик кој единствено се победува и во која ГД „Гранит“ АД Скопје се издвојвува на пазарот преку континурианото вложување во основните средства кои ги следат трендовите на современата сложена технологија на градба и извршување на услугите. Во таа смисла во 2023 година беа остварени инвестицони вложувања особено во градежна механизација и постројки како и дел ов транспортни средства.

# ВЛОЖУВАЊА

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари - Декември 2023 година изнесуваат 470.401 илјади денари во опрема и механизација.

Вкупните инвестиции во основни средства во 2023 година изнесуваат 470,401,641 денари, и тоа:

Øнематеријални вложувања 12,982,915 денари;
Øматеријални вложувања 457,418,726 денари;





# СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

За успешно остварување на своите стратешки цели за 2024 година, ГД „Гранит“ АД Скопје ги утврди следниве мерки и активности:

- Повисока рентабилност во извршувањето на работите во рамките на дејноста на Друштвото;
- Постојано следење на квалитетот во изведувањето на градежните работи;
- Зголемување на степенот на опременост со основни средства;
- Управување со човечки ресурси преку кој се обезбедуваат повисок квалитет во работењето;
- Обезбедување на економично и ефикасно извршување на работите;
- Усовршување на софтверските решенија за рационално извршување на задачите и обезбедување на контрола над работењето

Големината на објектите за извршување, на кои претендира Друштвото се општествено значајни и специфични, кои подразбираат инкорпорирање на иновации и нови методи на работа. Од таа причина, Друштвото во 2024 година ќе изврши вложувања во нови технички решенија и понтамошна модернизација на градежната механизација, со цел да обезбеди конкурентност и зголемување на капацититете на Друштвото, како на домашниот, така и странскиот пазар.

Транспарентното и етичко однесување во согласност со националната легислатива и со меѓународните норми, придонесува кон одржливиот развој и грижа за очекувањата на засегнатите страни, е во целост интегрирано во сите сегменти на делување на Друштвото. Пред се, општествената одговорност е интегрирана во деловната политика на Друштвото и како таква е прифатена како исклучително важна корпоративна вредност. Практикувајќи корпоративна општествена одговорност Друштвото е целосно посветено и насочено кон позитивно влијанието врз сите аспекти на општеството, вклучително и економското, социјалното и животната средина.

Успешно имплементираниот и одржуван Интегриран систем за управување со стандарди ИСУ е показател за посветеноста на Друштвото, пред се, кон обезбедување на безбедност на вработените лица и засегнатите страни преку спроведениот стандард за безбедност и здравје при работа ISO 45001, континуирано следење и реализацијата на барањата од стандардот за управување со животна средина ISO 14001 поврзан со делот на социјалните аспекти при реализација на проектите, како унапредување на квалитетот на услугите и производите преку постојано следење на ISO 9001.

## ГРИЖА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ, СРЕДИНАТА И КВАЛИТЕТОТ НА УСЛУГИТЕ И ПРОИЗВОДИТЕ

1.


TÜVNORD

СЕРТИФИКАТ

за систем за управување согласно
ISO 9001 : 2015

Со ова телото за сертификација TÜV NORD CERT GmbH го потврдува резултатот на ревизијата, проценката и одлуката за сертификација согласно ISO/IEC 17021-1:2015, дека организацијата

**Г.Д. ГРАНИТ А.Д. Скопје**
**Ул. Димитрие Чуповски бр.8**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

води систем за управување согласно барањата на ISO 9001 : 2015 и за време на траењето на сертификатот од 3 години ќе биде надгледувана за конформност.

Област на важење

**Изведба на градежни објекти од нискоградба, високоградба и хидроградба, производство на градежни материјали и полуфабрикати за сопствени потреби и за пазар, контрола на квалитетот на производите**

Идентификациски бр. на сертификат 44 100 16 43 0011
Бр. на ревизорски извештај 35923 1308

Важечки од 2023-08-15
Важечки до 2026-08-14
Прво сертифицирање 2014

Место на сертифицирање
TÜV NORD CERT GmbH

Пловдив, 2023-08-14

TÜV NORD CERT GmbH Am TÜV 1 45307 Essen www.tuev-nord-cert.com

IAF DAkkS Deutsche Akkreditierungsstelle D-ZM-12007-01-00

2.


TÜVNORD

СЕРТИФИКАТ

за систем за управување согласно
ISO 14001 : 2015

Со ова телото за сертификација TÜV NORD CERT GmbH го потврдува резултатот на ревизијата, проценката и одлуката за сертификација согласно ISO/IEC 17021-1:2015, дека организацијата

**Г.Д. ГРАНИТ А.Д. Скопје**
**Ул. Димитрие Чуповски бр.8**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

води систем за управување согласно барањата на ISO 14001 : 2015 и за време на траењето на сертификатот од 3 години ќе биде надгледувана за конформност.

Област на важење

**Изведба на градежни објекти од нискоградба, високоградба и хидроградба, производство на градежни материјали и полуфабрикати за сопствени потреби и за пазар, контрола на квалитетот на производите**

Идентификациски бр. на сертификат 44 104 16 43 0011
Бр. на ревизорски извештај 35923 1309

Важечки од 2023-08-15
Важечки до 2026-08-14
Прво сертифицирање 2014

Место на сертифицирање
TÜV NORD CERT GmbH

Пловдив, 2023-08-14

TÜV NORD CERT GmbH Am TÜV 1 45307 Essen www.tuev-nord-cert.com

IAF DAkkS Deutsche Akkreditierungsstelle D-ZM-12007-01-00

3.


TÜVNORD

СЕРТИФИКАТ

за систем за управување согласно
ISO 45001 : 2018

Со ова телото за сертификација TÜV NORD CERT GmbH го потврдува резултатот на ревизијата, проценката и одлуката за сертификација согласно ISO/IEC 17021-1:2015, дека организацијата

**Г.Д. ГРАНИТ А.Д. Скопје**
**Ул. Димитрие Чуповски бр.8**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

води систем за управување согласно барањата на ISO 45001 : 2018 и за време на траењето на сертификатот од 3 години ќе биде надгледувана за конформност.

Област на важење

**Изведба на градежни објекти од нискоградба, високоградба и хидроградба, производство на градежни материјали и полуфабрикати за сопствени потреби и за пазар, контрола на квалитетот на производите**

Идентификациски бр. на сертификат 44 126 20 32 0153
Бр. на ревизорски извештај 35923 1310

Важечки од 2023-08-15
Важечки до 2026-08-14
Прво сертифицирање 2014 (BS OHSAS 18001)

Место на сертифицирање
TÜV NORD CERT GmbH

Пловдив, 2023-08-14

TÜV NORD CERT GmbH Am TÜV 1 45307 Essen www.tuev-nord-cert.com

IAF DAkkS Deutsche Akkreditierungsstelle D-ZM-12007-01-00

# РАБОТИМЕ ПО НАЈВИСОКИ СТАНДАРДИ ДА ЈА ЗАШТИТИМЕ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, РАСТИТЕЛЕН И АНИМАЛЕН БИОДИВЕРЗИТЕТ И ЗДРАВЈЕТО И БЕЗБЕДНОСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ



## ОБЕЗБЕДЕНИ СЕ СИТЕ ЕКОЛОШКИ ДОЗВОЛИ

Сите инсталации (асфалтни и бетонски бази и каменоломи) согласно Законот за животна средина поседуваат А и Б Интегрирани еколошки дозволи врз чија основа се врши континуиран мониторинг и мерење од страна на акрдитирани лаборатории за мерења во животната средина. Преку овој механизам Друштвото докажува дека не врши негативно влијание врз животната средина, односно не се надминати пропишаните максимално дозволени концентрации.



## ПЛАНОВИ ЗА БИОДИВЕРЗИЕТ

При изведба на проектите, зависно од договорните барања, Друштвото ангажира тим за следење на биодоверзитетот од Македонското Биолошко Друштво, составен од експерти со цел да се минимизира и ублажи влијанието на градежните активности врз локалната биолошка разновидност и екосистемите. Тимот за биодиверзитет во текот на времетраењето на градежните активности континуирано спроведува претходно дефинирани планови и мерки соодветни за намалување на нарушувањето на живеалиштата на дивиот свет, загрозените видови и чувствителните екосистеми. Истовремено се врши континуиран мониторинг на неделно, месечно и годишно ниво, како и сезонски следења на состојбата на терен.



## ТЕКОВНО СЕ СЛЕДИ ИЗВЕДБАТА

При изведбата на градежните активности, тим од стручни лица за безбедност и здравје при работа, инженери за животна средина и управител за отпад, секојдневно вршат следење на сите аспекти поврзани со безбедноста на сите засегнати страни, управувањето со животната средина и социјалните аспекти поврзани со заедницата. Ова ја потврдува главната стратешка политиката на Друштвото – здрави работници и чиста животна средина.

# НИЕ СМЕ ДЕЛ ОД ЗАЕДНИЦАТА ОПШТЕСТЕВНО ОДГОВОРНИ КОМПАНИИ









Донирањето како витален дел на општествената одговорност и во текот на 2023 година продолжи преку реализирање на значајни програмски содржини и активности. Друштвото континуирано настојува да ги задоволи барањата на вработените и поширoката општествена заедница, и на тој начин да го одржува својот углед и да ја унапредува својата репутација.

Развојот и истражувањето беа поддржани од Друштво при што Друштвото имаше учество и даде свој придонес во истражувачката работа на Друштвото за геотехника на Македонија и Друштво на градежните конструктори на Македонија. Во текот на 2023 година, Гранит беше коорганизатор на Првата паттна конференција во Р.Северна Македонија која треба да обезбеди насоки и развој во градежништвото. На 20 Меѓународен Симпозиум во организација на Друштвото на градежни конструктори на Македонија, ГД Гранит АД Скопје беше добитник на признание за особено достигнување во градежното конструкторство во 2022 година.

Особена гордост ни претставува тоа што ја пораодолживме мисијата како значен корпоративен донатор во СОС Детското Село, при што во текот на годината Друштвото донираше финансиски средства за потребите на нивните проектни активности како и обезбеди летување за младинците од СОС Детско село и нивните ментори како и за децата од Детска амбасада од сите деца на светот.

Континуирано во работењето на Друштвото се спроведува на механизми за жалби и поплаки за вклученост на засегнатите страни и вработените, со цел да се земат во предвид загриженоста и очекувањата на сите учесници и засегнати страни со работата на Друштвото. Преку овој систем се одржува блиска интеракција со локалната заедница, успешно се спроведуваат и следат механизмите за подобрување на изведбата од социјален аспект.

Годишниот извештај го претставува годишното работење на Друштвото од страна на менаџментот, кој е заснован на барањата на Законот за трговски друштва, а претставува проценка на информациите на искажаните позиции и резултати во финансиските извештаи.

Прилог на Извештајот е Планот за сукцесија на Надзорниот одбор од Мај 2023 година.

**ВИ БЛАГОДАРИМЕ!**
**УПРАВЕН ОДБОР НА ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ**

**„РАБОТИМЕ ЗАЕДНО**

**ДА ГРАДИМЕ СТАБИЛНА ИДНИНА**

**ВО ЗДРАВО ОПШТЕСТВЕНО УРЕДУВАЊЕ"**

+389-3218-700

Ул.Димитрије Чуповски бр.8
Скопје

granit@granit.com.mk

# ПЛАН ЗА СУКЦЕСИЈА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

**ВОВЕД**

ГД Гранит АД Скопје, како акционерско друштво има формирано двостепен систем на управување, составен од Надзорен и Управен одбор.

Надзорниот Одбор на Друштвото ги остварува надлежностите определени со закон, подзаконските прописи, Статутот и другите акти на Друштвото.

Согласно тоа, членовите на Надзорниот Одбор имаат клучна улога во надзорот над управувањето со Друштвото, именувањето и разрешувањето на членови на Управниот Одбор, одобрувањето на стратегијата, деловниот план и буџетот на Друштвото, организирањето на Служба за внатрешна ревизија, именување и разрешувањето на нејзините членови и одобрувањето на политиките и процедурите за вршење на внатрешна ревизија, како и други работи во согласност со законските и подзаконските прописи, Статутот и другите акти на Друштвото.

Членовите на Надзорниот Одбор се избрани за период од 6 (шест) години.
Овој План има за цел да ги подржи постоечките критериуми во поглед на ангажираноста и перформансот на членовите на Надзорниот Одбор, во случај на избор на нови членови, со цел да се овозможи непречено функционирање на Друштвото.



# ПЛАН ЗА СУКЦЕСИЈА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

**1. ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ ЗА СУКЦЕСИЈА**

Овој План има за цел да обезбеди континуитет  во работењето на Надзорниот Одбор, преку идентификување и избор на потенцијални кандидати во случај на целосно, планирано или непредвидено исклучување на било кој од неговите членови.

Целта на Планот е да:

- Даде насоки со цел да се обезбеди подготвеност за замена на било кој од членовите на Надзорниот Одбор, при што особено ќе се води сметка за начелото на добро работење;
- Да обезбеди дека има соодветни и проактивни процедури за регрутирање и избор на соодветни кандидати, кои се во согласност со законите, подзаконските акти, Статутот и другите акти на Друштвото;
- Да обезбеди дека постои рамка која го идентификува потребното знаење, вештини и искуство кое ќе даде придонес во генералното знаење, вештини и искуство на Надзорниот Одбор, со цел истиот да биде во можност да ги извршува обврските кои прозлегуваат од законите, подзаконските акти, Статутот на Друштвото, Деловникот на Надзорниот Одбор и другите акти на Друштвото;
- Да обезбеди континуитет преку непречена сукцесија на било кој од членовите на Надзорниот Одбор, која ќе обезбеди баланс меѓу свежата перспектива и независност и искуството и институционалната меморија на Одборот;
- Ќе обезбеди усогласеност со најдобрите корпоративни практики, законските рамки, а особено Законот за трговски Друштва, Статутот на Друштвото, Кодексот на корпоративно управување на Друштвото и Деловникот на Надзорниот Одбор.



# ПЛАН ЗА СУКЦЕСИЈА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

## 2. УПРАВУВАЧКА РАМКА И ОДГОВОРНОСТИ

Членовите на Надзорниот Одбор се избираат и отповикуваат од страна на Собранието на акционери. Членовите на Надзорниот Одбор ги избира Собранието. При изборот се назначува кој член се избира како независен член. Собранието ги избира членовите на Надзорниот Одбор со јавно гласање. За член на Надзорен Одбор може да биде избрано физичко лице кое е деловно способно и против кое не е изречена казна, односно прекршочна санкција забрана за вршење должност, која делумно или целосно е опфатена во предметот на работење на Друштвото, додека трае таа забрана.Членовите на Надзорниот Одбор се избираат за време од шест години. Членовите на Надзорниот Одбор можат повторно да бидат избрани.

Предлог-листа за избор на членови на Надзорен Одбор можат да дадат акционери кои поседуваат најмалку 20% од вкупниот број акции со право на глас. Во предлог-листата мора да биде назначено кој член се предлага како независен член. Предлогот се дава во писмена форма најдоцна 10 дена пред одржување на Собранието и мора да биде потпишан од предлагачите. Предлогот се доставува до органот кој го свикува Собранието. За сите предложени кандидати, органот што го свикува Собранието во писмена форма објавува податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации и вештини, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на Надзорен Одбор и други поважни функции што ги вршел, општествениот статус, бројот на акциите што ги поседува во Друштвото и други друштва како и заемите и други обврски кои ги има спрема Друштвото. Ваквите податоци мора да бидат достапни на акционерите 7 (седум) дена пред Собранието да пристапи кон избор.

Гласањето го спроведува Комисија за спроведување тајно гласање, избрана од редот на акционерите на самото Собрание. За резултатите од гласањето, Комисијата поднесува извештај пред Собранието. За членови на Надзорниот Одбор се избрани кандидатите од листата која добила повеќе од половина од присутните гласови. Дококу ниту една предлог-листа за членови на Надзорниот Одбор не го добила потребното мнозинство гласови, гласањето се повторува. При повторното гласање за избрана се смета онаа листа која добила најмногу гласови.

При предлагањето и гласањето за нови членови на Надзорниот Одбор, помеѓу другото, особено се земаат во предвид следниве критериуми:

- Компетенции кои се неопходни да ги поседува членот на Надзорниот Одбор, согласно динамиката и предизвиците на работењето на Друштвото со кои може да се соочи членот во текот на неговото работење;
- Независноста и непристрасноста како што се определени и барани од законот, подзаконските акти, Статутот на Друштвото и Деловникот на Надзорниот Одбор, како и во другите акти на Друштвото;
- Поседувањето на аналитички способности, способност за носење одлуки, познавања од градежништвото и финансиското работење, како и важечката регулатива и добрите корпоративни практики.



# ПЛАН ЗА СУКЦЕСИЈА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

**3. ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ**

1. Соодветна диплома за универзитетско образование, со цел да се утврди дека членот на Надзорниот Одбор ги поседува потребните вештини и знаење, како би можел да ги извршува должностите кои ги носи таквата функција. Дополнително, се очекува од членот на Надзорниот Одбор да располага со доволно ниво на експертиза во областа, со која ќе допринесе за подобро и поефективно работење на Одборот.

2. Покрај сето веќе наведено, цел на Надзорниот Одбор е и да обезбеди разноликост каде што би се овозможила избалансирана полова застапеност во насока на обезбедување на стручни професионалци, без оглед на нивната етничка припадност, раса, вероисповед, сексуална ориентација, политички гледишта и други определби.

**4. АЖУРИРАЊЕ НА ПЛАНОТ**

Надзорниот Одбор ќе го ревидира и ажурира овој План, секогаш и онолку често колку што ќе се јави потреба од истото.

**5. ОБЈАВУВАЊЕ И СТАПУВАЊЕ ВО СИЛА**

Овој План за сукцесија на членовите на Надзорниот Одбор на Друштвото е објавен на веб страницата на Друштвото, со цел да биде достапен за запознавање од сите заинтересирани страни.
Одредбите на овој План стапуваат во сила со денот на донесувањето на Одлуката за усвојување на Планот од страна на Надзорниот Одбор на ГД гранит АД Скопје.

Претседател на Надзорен Одбор
Ивана Милковска Симева

